**ИЗВЕШТАЈ**

од Самоевалуација на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Соколарци период 2022-2024 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр.161 од 05.08.2019 година) Општинското основно училиште „Страшо Пинџур“ с.Соколарци изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022-2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 27.05.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав: Викторија Костадинова- педагог, Кети Филипова – психолог, Сања Пешовска – наставник, Тодорка Стоименова – наставник и Влатко Давитков – наставник.

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот мај – јуни 2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | Силвана Арсова – одговорен наставник, Дарко Стојнов, Славе Арсов, Благој Стоилов и Даниела Монева |
| 2. Постигања на учениците | Биљана Ѓоргиева – одговорен наставник, Соња Величкова, Зоран Давитков, Соња Донева и Сузана Јорданова |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Елизабета Спасова – одговорен наставник, Митко Димитров, Александра Богданова, Мирјана Трајчевска и Владо Гицов |
| 4. Управување и раководење | Виолета Иванова – одговорен наставник, Анка Тодосиева, Христина Данилова, Сашко Ефремов и Драган Петров |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 09.07.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Ова подрачје ги опфаќа следните теми:<br>Поддршка и следење на планирањата на наставниците; Размена на искуства и на информации при планирањето; Реализација на наставни планови и програми; Избор на наставни предмети; Избор на задачи, активности и на ресурси; Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно; Реализација на образовна инклузија; Активности за меѓуетничка интеграција во образованието; Средина и атмосфера за учење; Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците;Училишна политика за оценување; Методи, форми и инструменти за оценување; Коефициент на континуитет на успехот на учениците; Користење на информациите од оценувањето во наставата; Воннаставни активности и натпревари. |
| **Силни страни**<br>Наставата се организира и реализира согласно наставниот план и програма редовно и во пропишаниот обем.<br>Навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата.<br>Задачите и активностите на часовите се приспособени на индивидуалните образовни потреби на учениците.<br>Во наставата се користат различни ресурси за учење и настава не ограничувајќи се исклучиво на учебници.<br>Учениците редовно се пофалуваат за постигнатите резултати и вложениот труд и се даваат насоки како поуспешно да учат.<br>Учениците редовно се вклучуваат во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.).<br>Редовно известување за постигнувањата на учениците (не само на полугодие и крај на година)<br>Учење на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.)<br>Активно вклучување во наставата (поставување прашања, дискусија, работа во групи). |
| **Слаби страни**<br>Вклученост во активност/и реализирана со ученици од други култури кои учат на различни јазици<br>Реализација на МИМО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план поради немање на партнер училиште.<br>Едукација на наставниот кадар за работа со ученици со посебни образовни потреби, соработка со образовни асистенти. |
| **Приоритети**<br>Вклучување на родителите/старателите во заеднички активности, едукации и работилници.<br>Креирање постапки за мотивирање и селекција на ученици кои ќе учествуваат на натпревари.<br>Вклучување на учениците во планирањето на активностите и донесувањето одлуки во училиштето.<br>Пронаоѓање на партнер училиште за спроведување на МИМО активности.<br>Работилници и обуки за наставници за работа со ученици со посебни образовни потреби. |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето редовно врши анализа на постигањата на учениците по пол, по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди.Постигнувањата на учениците се подобруваат преку додатна и дополнителна настава, разговор со родители и со самите ученици. На учениците со потешкотии во учењето најголем број наставници им обезбедуваат поддршка во редовната настава, при што доколку се детектира ученик со посебни образовни потреби од страна на тимот за инклузивно образование се изготвува ПОП по претходно изготвен ИОП. Училиштето има податоци за опфатот на учениците од реонот. Тоа ја следи систематски редовноста на учениците, соработува со родителите со цел зголемување на редовноста. Во една учебна година се одржуваат по 4 средби односно по 2 во полугодие одржани од страна на психологот

**Силни страни**

-Редовно се следи напредокот и постигањата на учениците, по пол, по сите наставни предмети и за квалификациони периоди

-Навремено детектирање на неостварени цели и исходи од наставата кај ученици со послаб успех;

-Работа со ученици со потешкотии;

-Одржување на различни слободни и воннаставни активности каде се вклучени сите ученици од различни возрасти, пол и паралелки;

-Навремено откривање на различни проблеми помеѓу учениците и нивно решавање од страна на наставниците и стручната служба;

- Родителите редовно се информирани од страна на училиштето за напредокот на учениците

-Редовна реализација на советодавни средби со родителите на ученици со потешкотии во учењето или со послаб успех, како и проблеми со дисциплина и поведение и нивно советување за свртување повеќе внимание од нивна страна;

-Има податоци за опфатот на учениците

**Слаби страни**

- Континуирано будење на интерес кај учениците со послаб успех постигнувања за активно учество на часовите за дополнителна настава

- Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг образовен циклус од основно во средно образование

**Приоритети**

-Редовно одржување на додатна и дополнителна настава по сите предмети

-Изготвување на тестови, чек листи за следење на постигањата на учениците

- Активно учество на сите ученици во воннаставни , слободни и други активности.

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Ова подрачје ги опфаќа следните теми: училишна клима (куќен ред, кодекс на однесување, училишна клима, поведение и дисциплина на учениците), еднаквост и правичност (Познавање и почитување на правата на децата, Еднаков и правичен третман на сите ученици), партнерски однос со заедницата (Соработка на училиштето со родителите/старателите, Соработка со општината и со урбаната заедницата) и севкупна грижа за учениците (Превенција и заштита од насилство, Заштита од пушење, алкохол и од дрога, Квалитет на достапна храна, Хигиена и заштита од болести, Грижа за безбедноста на учениците и вработените, Грижа за учениците од социјално загрозени семејства, Грижа за учениците со здравствени проблеми, Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците,Давање помош при изборот за продолжување на образованието). |
| **Силни страни**<br>• Чувство на родителите дека децата им се задоволни и среќни во училиштето и дека се почитуваат правата на учениците;<br>• Одличен углед на училиштето во општеството;<br>• Училиштето редовно ги пофалува своите и постигањата на учениците;<br>• Училиштето редовно ја ажурира ФБ и WEB страната,и ги промовира постигањата на учениците и се афирмира со хуманитарни акции,еколошки акции,приредби;<br>• Училиштето за да им помогне на учениците од социјално-загрозени семејства обезбедува бесплатен оброк,бесплатни ученички екскурзии,обезбедува училишен прибор,емоционална подршка и вклученост на сите ученици.<br>• Наставниците се отворени за комуникација и соработка и прават добра атмосфера за одржување на часовите,а за учениците кои поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовна настава,обезбедува содржини и наставни листови кои можат да се реализираат во домашни услови;<br>• Наставниците редовно користат информатичка технологија и редовно го ажурираат е-дневникот;<br>Родителите се запознаени со правилникот за педагошки мерки и правилникот за однесување преку доделување на брошури на првата родителска средба. |
| **Слаби страни**<br>• Во последните две години училиштето нема превземено активности со партнер училиштето;<br>• Нередовноста на дел од учениците се должи најчесто на непочитување на законската обврска за редовно посетување настава. Во овие ученици спаѓаат и ученици од социоемоционално нарушени семејни односи;<br>• Не постои иницијатива од страна на родителите за вклучување во активности и работилници организирани од училиштето;<br>• Родителите сметаат дека хигиената во училиштето не е на високо ниво;<br>• Наставниците не се доволно вклучени во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и |

| |
|---|
| заедницата. |
| **Приоритети**<br>• Да се обезбедат материјални ресурси за работа со ученици со посебни потреби;<br>• Училиштето да презememе активности за безбеден пристап на ученици со телесни пречки во развојот;<br>• Да се превземат активности со партнер училиштето во рамките на проектот МИМО; |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Од прашалниците за ученици(55),прашалници за наставници (23),прашалници за родители (53) и интервју со директорот и стручните соработници. |
| **Силни страни**<br>Од прашалникот за ученици –најмногу ученици се изјасниле дека можат да земат книги во секое врме од од училишната библиотека/медијатека и дека навреме се информирани за сите  активности кои ги планира училиштето за следниот период.<br>Од прашалникот за наставници –најмногу од наставниците се изјасниле дека директорот и стручните соработници следат најмалкупо два  наставни часови во текот на едно полугодие  и за  наставни часови добивам конструктивна повратна информација<br>Од прашалникот за родители- се изјасниле дека училишната библиотека е достапна за сите ученици и дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен |
| **Слаби страни**<br>Од прашалникот за ученици –најмногу ученици се изјасниле дека библиотеката/медијатеката не е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосвера .<br>Од прашалникот за наставници најмногу се изјасниле дека училиштето делумно ги поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците.<br>Од прашалникот за родители- се изјасниле дека делумно се запознаени  како се троши буџетот на училиштето.<br>Од интервјуто со директорот и стручната служба е потенцирано како недостаток на училиштето е тоа што нема спортска сала односно потребно е нејзино реновирање и адаптирање во ПУ Чешиново. |
| **Приоритети**<br>Во библиотеката да се направи простор и пријатна атмосфера за читање и учење.<br>Да се поддржува и одава признание на наставниците за квалитетот на работење.<br>Родителите редовно да се запознаваат како се троши буџетот на училиштето.<br>Да се обезбедат материјални средства за отпочнување на процес за реновирање на спортската сала во ПУ во с.Чешиново. |

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

- Вклучување на родителите/старателите во заеднички активности, едукации и работилници;
- Пронаоѓање на начини за мотивација на учениците за учество на натпревари, вонnаставни , слободни и други активности;
- Работилници и обуки за наставници за работа со ученици со посебни образовни потреби;
- Да се обезбедат материјални ресурси за работа со ученици со посебни потреби и да се преземат активности за безбеден пристап на ученици со телесни пречки во развојот;
- Да се превземат активности со партнер училиштето во рамките на проектот МИМО;
- Во библиотеката да се направи простор и пријатна атмосфера за читање и учење односно да се адаптира просторија за читална за потребите на учениците и вработените;
- Да се обезбедат материјални средства за отпочнување на процес за реновирање на спортската сала во ПУ во с.Чешиново;

Комисија за спроведување на СЕУ:

Викторија Костадинова- педагог

Кети Филипова – психолог

Тодорка Стоименова – наставник

Сања Пешовска – наставник

Влатко Давитков - наставник